РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА
ОХРИДСКО ЛЕТО
Бр. 02-687/2
22.12. 2025
ОХРИД

NATIONAL INSTITUTION
OHRID SUMMER - OHRID

НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА
ОХРИДСКО ЛЕТО - ОХРИД

П.Фах 23, 6000 Охрид, Република Северна Македонија | T: +389 46 262 304 | T/F: +389 46 261 304 | contact@ohridskoleto.com.mk | www.ohridskoleto.com.mk
P.O. 23, 6000 Ohrid, Republic of North Macedonia | T: +389 46 262 304 | T/F: +389 46 261 304 | contact@ohridskoleto.com.mk | www.ohridskoleto.com.mk

Врз основа на член 10 и член 45 од Законот за административни службеници ("Службен весник на Република Македонија" број 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 80/16, 127/16, 142/16, 2/17, 16/17 и 11/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" број 275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/2024), Предлогот за вработување на кандидати по јавен оглас бр.900/2025 со бр.10-1887/12 од 22.12.2025 година и член 12 став (2) алинеја 18 од Статутот на НУ „Охридско лето“ Охрид (бр.01-114/13 од 10.04.2019), директорот на НУ „Охридско лето“ Охрид, донесе:

**О Д Л У К А**

**за избор на кандидат по јавен оглас бр. 900/2025 за вработување на административен службеник во НУ „Охридско лето“ Охрид**

1. За извршител на работно место со шифра КУЛ0102В04004 Помлад соработник за информатички работи во Одделение за маркетинг, се избира кандидатот Ивана Пуроска со идентификациски код 083А61F.
2. Именуваниот кандидат ќе биде вработен на работно место од точка 1 по конечноста на оваа одлука, за што ќе се донесе посебно решение за вработување.
3. Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното објавување.

**О б р а з л о ж е н и е**

По добиената согласност за обезбедени финанאיски средства од Министерстворо за финансиси бр.19-7403/2 од 09.07.2025 година, на барање на НУ „Охридско лето“ Охрид, Агенцијата за администрација на ден 30.07.2025 година, во дневните весници „Вечер“, „Нова Македонија“ и „Коха“ и на својата интернет страница објави Јавен оглас бр.900/2025 за вработување на еден административен службеник на неопределено време, за работно место со шифра КУЛ 01 02 В04 010 Помлад соработник за информатички работи во Одделение за маркетинг, извршител 1 (еден).

Со Решение бр.10-1887/9 од 17.11.2025 година од директорот на Агенцијата за администрација формирана е Комисија за селекција за вработување по Јавен оглас бр.900/2025 која ја спроведе постапка за вработување.

Комисија за селекција за вработување по Јавен оглас бр.900/2025 на ден 04.12.2025 година спроведе административна селекција и изготви Записник од извршената административна селекција за административен службеник бр.10-1887/7 од 04.12.2025 година. На ден 16.12.2025 година се спроведен испит за административен службеник и е составен Записник од спроведениот испит за административен службеник бр.10-1887/10 од 16.12.2025 година. На ден 19.12.2025 година се спроведе проверка на веродостојност на докази и интервју за административен службеник и е составен Записник од спроведената проверка на веродостојноста на докази и интервју за административен службеник бр.10-1887/11 од

19.12.2025 година и врз основа на резултатите од сите фази на селекција се изготви конечна ранг листа на кандидати.

По спроведената постапка согласно Закон за административни службеници Комисија за селекција за вработување достави предлог за вработување на кандидат по јавен оглас бр.900/2025 со бр.10-1887/12 од 22.12.2025 година.

Согласно Предлогот за вработување на кандидат по јавен оглас бр.900/2025 директорот на НУ „Охридско лето“-Охрид, одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право да поднесе жалба до Агенцијата за администрација, Комисија за одлучување по жалби и приговори на административни службеници во втор степен, во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на одлуката на интернет страницата и на огласната табла на Агенцијата за администрација.

**НУ ОХРИДСКО ЛЕТО - ОХРИД**
**Директор**
**м-р Ѓорѓи Цуцковски**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА ОХРИДСКО ЛЕТО Охрид

Изработил: м-р Христина Стефаноска, помлад соработник

**Доставено до:**
- Агенција за администрација на РСМ
- избраниот кандидат
- архива на НУ „Охридско лето“ Охрид